# НАСОКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО АКЦИЗНИ ДЕКЛАРАЦИИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА АКЦИЗА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ ОД АКЦИЗНИ СКЛАДОВИ ТИП (1)

## 1. Намена на документ

Намената на ова упатство е да ги објасни процесите за поднесување на акцизни декларации за плаќање на акциза за пуштање во промет од акцизни складови кои се имплементирани во Порталот за трговци во модулот за акцизи. Упатството ги опишува активностите на системот и одлуките кои се базираат на различни настани и соработка со останатите подсистеми или улоги на подносителот и надлежниот орган. СОЦДАД Порталот за трговци е наменет за поднесување на акцизни декларации за пуштање на акцизни добра во акцизно правен слободен промет без ослободување, пуштање на акцизни добра во акцизно правен слободен промет со ослободување и др.

## 2. Пристап во Порталот за трговци – апликација за акцизи

Пристапот во Порталот за трговци – апликација за акцизи за корисници започнува со најавување на прозорецот за најава (слика 1). Се појавува едноставен екран со логото на СОЦДАД и Царинската управа со две полиња за пополнување: КОРИСНИЧКО ИМЕ и ЛОЗИНКА, и две дополнителни полиња: ОБНОВИ и НАЈАВИ СЕ.

### 2.1 Прозорец за најава

Најавата во Порталот за трговци – апликција за акцизи започнува со внесување на:

- КОРИСНИЧКО ИМЕ (пример име.презиме на корисникот)

-ЛОЗИНКА (пример барем 12 карактери –букви, броеви и симболи)

- се притиска копчето НАЈАВИ СЕ ако внесените податоци се точни или се притиска копчето

ОБНОВИ за да се избришат внесените податоци и повторно се внесува корисничко име и лозинка.




Слика 1

2.2 Поднесување на акцизна декларација за плаќање на акциза за пуштање во промет од акцизни складови

После успешната најава, системот го прикажува заедничкиот ПОРТАЛ ЗА ТРГОВЦИ (Слика 2).




Слика 2

Со бирање на табот: Поднесување на декларации од трговци (TDP), системот ги прикажува различните менија на Порталот и тоа: дејства, транзит, увоз, извоз, акцизи и помош (Слика 3).




Слика 3

Со бирање на табот акцизи се појавуваат различни акции во зависност од потребата за која се пристапува. За поднесување на декларација за плаќање на акциза за пуштање во слободен промет од акцизен склад се избира во следниот редослед: „Акцизна постапка“, „Акцизни давачки“ и „Поднесување на акцизна декларација“ (Слика 4).




Слика 4

### 2.3. Поднесување на акцизна декларација

Функционалноста „поднесување на декларација за акцизни давачки“ ги опишува активностите кои ги изведува имателот на акцизна дозвола кога поднесува нова декларација.

*Декларација*

Полињата во делот декларација се со паѓачко мени и во нив се одбираат соодветните податоци (Слика 5).




Слика 5

Во менито Вид на декларација (Слика 5), има можност да се избере помеѓу: Декларација за пуштање во слободен промет без ослободување, декларација за пуштање во слободен промет со ослободување, декларација за пуштање во слободен промет поради престанок на важење на дозвола на имател на акцизен склад, повторно полнење, декарација за други случаи, ослободување на мостри за меѓународен саем, за изложба и друга изведба и декларација за производство за мали производители.

При пуштање во слободен промет на акцизни добра од акцизен склад без ослободување, односно поднесување на на акцизна декларација за акцизни давачки за соодветниот период од страна на држател на акцизен склад го бираме реден број **(1) Декларација за за плаќање на акциза за пуштање во промет од акцизни складови**, со што се отвара поле за пресметка на износот на акцизата (Слика 6).




Слика 6

Доколку станува збор за акцизна декларација каде акцизниот период е еден календарски месец ( декларација за енергенти, алкохол и пиво), од паѓачките мениа се бира Акцизен период – година и Акцизен период – месец (слика 7).




Слика 7

Доколку се работи за декларација за акцизни давачки за  тутунски производи каде акцизата се плаќа со нивно пуштање во слободен промет од акцизен склад  за количините на тутунски производи  пуштени во промет од 1-ви до 15-ти во тековниот месец и од 16-ти до крајот на тековниот месец, во тој случај тие периодот го избираат од паѓачкото мени „Акцизен период“: (0) Од 1-ви до 15-ти во тековен месец и (1) Од 16-ти до крај на тековниот месец (Слика 8).




Слика 8

Доколку станува збор за акцизна декларација – од случај до случај, акцизната декларација се поднесува во моментот на настанувањето на акцизата, односно во делот „Датум на акцизен период“ од календарот се избира датумот на настанување на акцизата (полињата акцизен период година и месец не се пополнуваат во овој случај) (слика 9).




Слика 9

Од паѓачкото мени Шифра на категорија на национален производ бираме зависно од акцизните добра за кои се поднесува акцизната декларација, односно: (А) Алкохол и алкохолни пијалоци, (Е) Енергетски производи и (Т) Тутунски добра (Слика 10).




Слика 10

*Акцизните обврзници се должни да поднесат акцизна декларација и да ја платат акцизата за секој акцизен период во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец и **држателот на акцизен склад поднесува акцизна декларација во овој рок и тогаш кога не настанала акциза за соодветниот акцизен период**. Кога станува збор за декларација со количина нула, НЕ се избира од паѓачкото мени Шифра на категорија на национален производ, односно ова поле останува празно.

Во делот „Трговци“ полињата: „Испраќач“ и „Референтен број на акцизен склад“ се пополнуваат самите со податоци од системот (Слика 11).




Слика 11

Во делот на декларацијата „Број на акцизен склад“ со притискање на знакот за пребарување (Слика 12) се отвара прозорец пребарување на акцизен склад (Слика 13), каде се појавуваат критериуми за пребарување на акцизните складови на имателот на акцизната дозвола. Пребарувањето се врши со притискање на полето пребарување, по што во листа се прикажуваат складот или складовите на имателот (Слика 12).




Слика 12

Со притискање на бројот на акцизниот склад (обележан со црвена боја) се бира соодветниот акцизен склад, со што податоците за акцизниот склад, како идентификациски број на трговец, назив, улица, број, град, поштенски код и шифра на јазик и земја сами се пополнуваат (Слика 13).




Слика 13

Доколку станува збор за декларација со количина нула, се избира полето: „Декларација со количина нула" (Слика 14).




Слика 14

Со притискање на знаците „+" во горниот дел од прозорецот „Акцизен склад" има можност да се додаваат складовите на имателот на дозволата (доколку има регистрирано повеќе од еден акцизен склад) а со „-" да се бришат соодветно (Слика 15).




Слика 15

Во делот „Главен дел на акцизна декларација“ се внесуваат податоци за националиот производ и количините кои се пуштени во слободен промет. Националниот производ се пребарува со избирање на знакот за пребарување (Слика 16).




Слика 16

Со избирање на знакот за пребарување се отвара нов прозорец „Пребарување на национален производ“, каде има можност за филтрирање на критериумите за пребарување со избирање на параметри од паѓачките менија. Со притискање на копчето пребарување се пребаруваат акцизните производи кои се регистрирани за соодветниот акцизен склад кој го одбравме претходно. Националниот производ се избира со пристискање на шифрата која е обележана со црвена боја (Слика 17).




Слика 17

Во делот количина се пополнува количината на акцизното добро кое се пушта во акцизно слободен промет во соодветниот акцизен период (Слика 18).




Слика 18

Доколку станува збор за акцизна декларација со која се пријавува акцизата за нафтени деривати чија акциза е регулирана со одлуки на Регулаторна комисија, односно во еден акцизен период имаме различен износ на акцизата, во делот количина од делумното пуштање во слободен промет се пополнуваат количини кои се пуштени во слободен промет во соодветниот акцизен период. Со притискање на знакот „+“ има опција да се додаваат повеќе акцизни периоди (полето количина од главниот дел на акцизната декларација не се пополнува во овој случај), а со притискање на знакот „-“ да се бришат веќе внесени периоди (Слика 19).




Слика 19

Доколку станува збор за пуштање во слободен промет од акцизен склад на производи кои се обележуваат со акцизна марка, imателот на акцизна дозвола го пополнува

бројот на Претходната декларација за преземање на акцизните марки и сериските броеви на акцизните марки со кои  се обележани производите (Слика 20).




Слика 20

После пополнување на декларацијата има можност за пресметка на давачките, проверка на декларацијата, поднесување на декларацијата и печатење на декарацијата (опции дадени во горниот дел од прозорецот).

Со притискање на полето пресметка на давачките, во горниот дел на прозорецот во делот „Вкупна пресметка на акцизни давачки" се пресметува вкупниот износ на давачките, давачките по вид на давачка (доколку од акцизниот склад се пуштаат во слободен промет повеќе акцизни добра), како и крајниот рок за поднесување на декларацијата (слика 21). Со притискање на полето „Проверка на декларација„, системот врши проверка за евентуални грешки, и кога ќе ни даде инфрмација дека во декларацијата не се пронајдени грешки (слика 21), можеме да ја поднесеме декларацијата.




Слика 21

Со поднесување на декларацијата ја добиваме следната информација (слика 22), со состојба на декларацијата поднесена.




Слика 22

Меѓутоа, декларацијата сеуште не е „финално поднесена", што значи дека тргоцет сеуште може да прави измени на декларацијата.

Поднесените декларации се пребаруваат со кликање во менито Акцизи, односно „Пребарување на акцизни декларации":




Слика 23

Потоа ни се отвара прозорецот за пребарување во кој се внесуваат критериумите, за Декларација - „Акцизна постапка" и за Вид на декларација –„Акцизни давачки". Со

пребарувањето ни се отвараат декларациите кои можат да бидат отворени со кликање на регистарскиот број на декларацијата „ЛРБ“.




Слика 24

Кога ќе кликнеме на ЛРБ ни се отвара прозорец со информации за декларацијата.
Со кликање на „дејства“ во горниот десен агол имаме можност да поднесеме измена на декларацијата, да поднесеме финални измени (конечно поднесување на декларацијата), да ја откажеме декларацијата или да прикачиме документи (Слика 25).




Слика 25

Доколку податоците во декларацијата се финални кликаме на „Поднесување на финални измени“. При што повторно ни се отвара декларацијата со уште една можност за измени се до финалното кликање на копчето поднеси.
Наредна фаза на декларацијата е: Во исчекување на прифаќање Слика (26).



Слика 26

По финалното поднесување на декларацијата подносителот неможе да врши измени на истата.

По прифаќањето на декларацијата од страна на царинскиот орган декларацијата добива статус: „Се чека плаќање“ Слика (27).




Слика 27

Напоменуваме дека при секое поднесување на декларацијата ќе биде потребно истата да биде потпишана со дигитален сертификат.